**ЗАПИСНИК**
**од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 29.07.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Методија Јанчески (годишен одмор).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, м-р Арџенд Џелили, м-р Горјан Шекеринов, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска:** Перо Ристоски управител на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје.

Г-дин Петрушевски ја отвори 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски ги информира присутните дека на седницата е приклучен управителот на РА Капитол ФМ г-дин Перо Ристоски кој ќе даде свое образложение во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата и наводите кои се доставени во дописот до Советот и Агенцијата.

Г-дин Ристоски објасни дека радиото има проблем со Централен регистар на РСМ од 2019 година. Централен регистар тврди дека наводно не е поднесена завршна сметка. Објасни дека РА Капитол ФМ постои од 2002 година и секоја година поднесува завршна сметка бидејќи ја знаат законската обврска. За 2019 година се обиделе да

поднесат завршна сметка, тоа бил периодот со пандемијата на Корона вирусот и Централен регистар биле со капацитет од 50% вработени. За да се поднесе завршната сметка објасни дека тој лично има отидено 5 пати во Централен регистар и при тоа вработените се обидувале од кај нив електронски да ја поднесат, но никако не можело. Наведе дека за тој проблем ја чува коресподенцијата со нив по меил и е архивирана. Тогаш од Централен регистар објаснувале дека од кај нив е проблемот и не можат да ја пратат завршната сметка по електронски пат. Во меѓувреме рокот за доставување на завршната сметка истече и завршната сметка ја доставиле во хартиена форма. И од тогаш па се до 27 декември 2021 година немале никаква коресподенција со Централен регистар ниту нешто им било укажано дека имаат проблем. Потоа им се јавиле дека треба да платат казна затоа што доцнеле од 45 илјади денари и паричната казна веднаш истиот ден ја платиле. Дека сè уште имаат проблем дознале од АВМУ, кога се јавиле вработени од службата кои биле многу љубезни и го прашале дали имаат проблем со Централен регистар. Одговорил дека не знае затоа што не бил известен од никого. Во врска со уплаќањето на казната од 45 илјади денари му кажале дека уплатницата требал лично да ја однесе, а не ја однел затоа што сметал дека ќе ја видат уплатата. Потоа Централен регистар носи Одлука да го избришат како правен субјект со тоа што и жиро сметката е отстранета и радиодифузерот не може да ја користи. Заради тоа преку адвокат поднесена е жалба која беше прифатена од Комисијата за жалби, но истиот ден повторно Централен регистар носи одлука РА Капитол да се избрише од регистарот, што за него е симптоматично. Сега оваа Одлука како бумеранг се пренесува во АЕК. Агенцијата за електронски комуникации го известува дека треба да им плати 60 илјади денари што е вистина и им објаснил дека не може да им плати затоа што жиро сметката не може да ја користи, а на жиро сметка имаат 470 илјади денари кои не можат да ги искористат. Во таа насока поднеле барање да се одблокира за да може да плаќаат тековни сметки, побарувања спрема други фирми и слично, на кое што барање не му одговориле но АЕК му праќа Решение за одземање на фреквенциите. И на тоа е поднесена жалба. Наведе дека надоместокот за вршење радиодифузна дејност за 2022 година кон АВМУ е платен и дека околу сето ова што му се случува здравјето му е загрозено. Во таа насока го замоли Советот човечно да реагира и побара одлуката за одземање на дозволата да се одложи до септември односно до одлучување на судот по поднесената жалбата во врска со Централен регистар. Доколку судот одлучи негативно, тој самиот ќе го затвори радиото. Во овој момент се разгледува опцијата како да го плати долгот кон АЕК, ќе треба како физичко лице затоа што како правно не ќе може и потоа ќе остане проблемот само со Централен регистер. Посочи дека РА Капитол е едно од најстарите радија, работат од 2002 година и точно знаат што значи обврската да се поднесе завршна сметка. Кога е поднесена завршната сметка за 2019 година во хартиена форма во Централен регистар тогаш е поднесена и во Управа за јавни приходи и уште еднаш побара во име на 20 годишното постоење на радиото и соработката, да се почека уште еден месец заради судската постапка и ако одговорот биде негативен тој самиот ќе го затвори радиото.

Г-дин Петрушевски му објасни на г-дин Ристоски дека намената на оваа седница е да се сослуша претставникот на медиумот, да даде негово образложение и евентуално членовите на Советот да му постават прашање додека Одлуката на Советот ќе се носи на следната седница која треба да започне непосредно по завршувањето на оваа. Рече дека во образложението кажал податок, она што го

интересирало односно колку време очекува проблемот да го реши со АЕК ако воопшто се реши. Отвори дискусија доколку некој сака нешто да каже или праша.

Г-дин Ристоски објасни дека во среда адвокатот се враќа од одмор и потоа веднаш ќе контактираат со АЕК и не е проблем 60 илјади денари да ги плати и смета дека никому не одзеле фреквенција за една неплатена фактура. Проблемот е што не може да ја користи жиро сметката и ќе се обиде да плати како физичко лице и конечно да го решат проблемот со АЕК и повеќе да немаат долг кон таа институција и потоа да почекаат да видат што ќе се случи со Централен регистар.

Г-дин Трајчевски објасни дека за отповикување на одобрението за користење радиофреквенции на РА Капитол ФМ, АВМУ е известена уште во април 2022 година. Од тогаш до сега се поминати 4 месеци, период во кој што требаше и можеше да се подмири долгот кон АЕК. Смета дека и пред РА Капитол ФМ да добие Решение за отповикување на одобрението за користење радиофреквенции сигурно е дека АЕК неколку пати ги опоменал за да радиодифузерот го подмири долгот. Објасни дека ова утро имал телефонски разговор со адвокатот и застапникот на РА Капитол ФМ и тој тврдел дека целиот долг кон АЕК е платен и му објаснил дека доколку целиот долг кон АЕК е платен, АЕК нема да го отповика одобрението. Наведе дека искажувањето на адвокатот со изјаснувањето на управителот на РА Капитол ФМ не кореспондираат меѓусебно. Најверојатно подоцна управителот на РА Капитол ФМ со адвокатот имале разговор и пренесена му е реалната состојба дека има долг кон АЕК и дека случајот со Централен регистар и отповикувањето на одобрението за користење на радиофреквенции не се поврзани, бидејќи единствената причина за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции е неплатен долг. А дали за една или за две неплатени фактури се одзема или не фреквенција рече дека за тоа има Закон за електронски комуникации каде што точно е дефинирано и АВМУ не може во тој дел да навлегува бидејќи тоа е друг државен орган кој најверојатно претходно ги исцрпил сите можности за да се наплати долгот и потоа го отповикале Решението. Информира дека кога АВМУ добила известување за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции, заедно со Капитол ФМ имаше уште 3 или 4 други радиодифузери односно радија на кои што им беа отповикани одобренијата и сите тие освен РА Капитол веднаш го платија долгот и за нив АЕК донесе одлука да им ја врати фреквенцијата. Само овој радиодифузер не го регулирал долгот спрема АЕК и во таа насока АВМУ беше премногу толерантна и 4 месеци се чекаше радиото да го регулира долгот кон АЕК но тоа не се случи. Основниот проблем на АВМУ е тоа што има радиодифузер кој што емитува програма а при тоа нема одобрение за користење на радиофреквенции што претставува кривично дело и можеби на некоја од наредните седници ќе треба да се интервенира до АЕК и до МВР. Радијата на кои им беа отповикани одобренијата за користење на радиофреквенции веднаш престанаа со емитување на програмата до моментот додека не го платија долгот и не добија од АЕК акт со кој им продолжува да им важи одобрението за користење на радиофреквенции.

Г-дин Ристоски објасни дека вработени од АЕК дошле во радиото и им кажале да прекинат со работа 3 дена, петок, сабота и недела и да се плати долгот од 67 илјади денари. Тогаш таа фактура ја платиле како физичко лице затоа што им објасниле од АЕК дека може и дека нема да има проблем и ова може да се потврди во АЕК. Потоа истиот ден доаѓа нова фактура од нотар за плус 60 илјади денари. Тогаш им се јавил и побарал и оваа фактура да ја плати како физичко лице и му одговориле дека не може.

Рече дека другите радија платиле затоа што можеле да ја користат жиро сметката а тој не може затоа што му е блокирана. Објасни дека тогаш 3 дена не работеле, петок, сабота и недела и во понеделник во 12 часот ја вклучиле програмата откако ја платиле фактурата од 67 илјади денари. Исто така објасни дека му се пратени фактури за плаќање на каматни стапки од 2006 и 2013 година, дека должи но рече дека таква фактура не постои односно никогаш не ја добил. Уште еднаш замоли за разбирање, дека имаат пари на жиро сметка но не можат да платат. Адвокатот со допис ја известил АЕК дека долгот како правно лице не можат да го платат бидејќи имаат проблем со Централен регистар.

Г-дин Петрушевски му рече на г-дин Ристески дека проблемот е во тоа што и неколку дена да се одложи одлуката не му вршат работа, бидејќи станува збор за најмалку 30 дена.

Г-дин Ристески рече дека му се потребни околу 30 дена односно до септември кога ќе биде донесена судската одлука. За радиото рече дека е едукативно радио, единствено радио со рок музика и жално е да не постои. Рече дека неговата борба ќе ја води само што можеби во меѓувреме ќе се затвори радиото. Замоли за разбирање.

Г-дин Петрушевски му се заблагодари на управителот што беше присутен на седницата и што ги образложил проблемите. Објасни дека на Советот воопшто не му е лесно кога било кој медиум е во ваква ситуација, секако и за неговото, каде што се бори да преживее во овие тешки услови. Информира дека на следната седница членовите на Советот ќе го искажат нивниот став и потоа ќе се гласа по предлогот за одземање на дозволата на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-2963/2

08.08 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**